Друштво за истражување и развој во техничките и технолошките науки УЛТРА ДОО
Бр. 0307/123
06.03 2018 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0302-458
05-03 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР за јавна набавка на услуги

**Оглас 2/2018**

Склучен помеѓу следните ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУУниверзитетска клиника за Неврологија Скопје**

Ул.Водњанска 17 Скопје

Телефон за контакт: 02 3111 904 застапувано од Д-р. Иван Барбов во понатамошниот текст (**Набавувач**) од една страна, и

2.Друштво за истражување и развој во техничките и технолошките науки УЛТРА ДОО Скопје
Адреса: Бул. П. Одреди 70б Скопје МБ. 4130979
застапуван(о) од Зоран Новковиќ
(во понатамошниот текст Носител на набавката - **Добавувач**) од друга страна.

## I. ДЕФИНИЦИИ

Член 1

Одделни поими и изрази употребени во овој Договор имаат значење согласно Законот за јавни набавки Службен весник на РМ број 136/2007

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор јавна набавка на следните услуги согласно Барање за прибирање на понуди до 5000 евра,во хартиена форма со аукција согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11), за што објави оглас број 2/2018

**Одржување и сервисирање на компјутерски програми и апликативен софтвер - Информационен систем за амбулантско и болничко работење.**

Член 3

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Вкупната цена на услугата е 156 300.00 без ДДВ и 18% ДДВ 28 134.00 денари.

**ВКУПНО : 184 434.00 ДДВ**,согласно прифатена Понуда .

Во вкупната цена на јавната набавка е засметана вредноста на сродните услуги и данокот на додадена вредност.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ

Член 5

Во текот на периодот Набавувачот е должен да го извести Добавувачот за секоја промена на околностите која може да биде од значење за оцена на ризикот. Набавувачот е должен без одлагање да го извести Добавувачот за зголемување на ризикот од навремено плаќање на фактурите.

Член 6

Во случај на статусни промени (поделба, спојување и припојување на договорните странки), обврските од овој договор се пренесуваат на новиот субјект се до истекот на времето за кој е склучен.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Договорот се склучува на определено време за период од 1 година со важност од денот на потпишување на договорот.

## VII.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

- Се регулира со член 11, член 12 и член 13од Договорот.

## VIII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

Член 9

Најмногу 30 дена од денот на склучување на Договорот,со континуирана надградба и функционално одржување на Програмите,како и перманентна стручна едукација и подршка на вработените.

## IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 10

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши **60** дена по доставена фактура, еднаш месечно во текот на 1 година.

## X. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 11

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 12

Сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје .